НОВА МАКЕДОНИЈА
# Пензионерски видици
ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година II
број 23
1 Декември
2006 год.

Деветата седница на Собранието на СЗПМ

## Зголемен број активности за подобрување на состојбите на пензионерите

Извештајот за работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на Собранието, Извршниот одбор и неговите тела во 2006 година беше централна тема на Деветата седница на Собранието на оваа најмасовна невладина и непартиска асоцијација, што се одржа на 29 ноември. Тоа всушност беше последна седница на Собранието во овој четиригодишен мандатен период, а изборно конститутивна седница со новоизбраните членови се планира да се одржи во средината на декември.

Во уводното излагање секретарот на СЗПМ **Чедо Георгиевски** даде акцент на активностите на Извршниот одбор за збогатување на дејствувањето на организацијата и на здруженијата, како и за подобрување на состојбите на пензионерите, посебно за нивниот животен стандард.

Во дискусијата главно беше поддржан извештајот за работата на Сојузот во 2006 година. **Радован Влаќески** од Струга посебно се заложи за имплементацијата на Меморандумот потпишан меѓу Владата и СЗПМ и поголема грижа да се води за животниот стандард на пензионерите и за кадровската политика во здруженијата. **Божидар Миновски** од Куманово ја истакна потребата од подобрување на здравствената заштита на пензионерите, посебно во руралните средини, а **Душан Перески** од Гази Баба се осврна на покренатите иницијативи на Сојузот пред државните органи за подобро законско регулирање на одредени прашања од битно значење за пензионерите, а за што ќе треба и во иднина да се настојува, бидејќи поради рестрикции во транзиционот период значително е опаднат нивниот стандард. **Васко Калески**, делегат од Охрид ги поздрави напорите за подобро информирање на членството за што посебно значење има месечниот прилог "Пензионерски видици" во "Нова Македонија", кој треба да излегува почесто и со информации од Фондот на ПИОМ, за чија активност пензионерите се многу заинтересирани. За тоа се заложи и **Вите Исјановски**, со тоа соработката со Фондот на ПИОМ да биде пофункционална. Во дискусијата учествуваа ц **Ѓоко Серафимов** од Кочани, **Миодраг Спасовски** од Пробиштип, **Рамиз Ќазимоски** од Љубаниште, **Павле Павлевски** од Кичево и други, кои се заложија за единствено делување на Сојузот, за поголема соработка со локалната самоуправа, за формирање нови здруженија во поголемите новоформирани општини, за промовирање веб страница на СЗПМ на Интернет и слично.


Досегашен Извршен одбор на СЗПМ

На оваа седница Собранието на СЗПМ го усвои прегледот на планирани приходи и извршени расходи во периодот јануари-септември 2006 година, со извештајот на Надзорниот одбор и донесе одлука за времено финансирање за првите три месеци од 2007 година.

Претходно на 22 ноември на седницата на Извршниот одбор на СЗПМ беа разгледани и усвоени Извештајот за работата на Сојузот во 2006 година и извешаите за одржаните 11-ти Републички пензионерски спортски натпревари во Крани-Ресен и за годишните пензионерски меѓурегионални и регионални фолклорни ревии.

**Д. Аргировски**

## Признанија од СЗПМ на КУД „Весели пензионери"

Деновиве во посета на КУД "Весели пензионери" во Пробиштип престојуваше раководството на СЗПМ, а поводот беше да им се заблагодарат на членовите на друштвото, за извонредните резултати постигнати на полето на изворниот фолклор на фетивалите, ревијалните и концертните настапи во 2006 година.



Делегацијата ја сочинуваа претседателот на СЗПМ Душко Шурбановски, потпретседателот Андон Марковски, секретарот Чедо Георгиевски и претседателот на комисијата за културно забавен живот при ИО и СЗПМ Душан Перески.

Со пригодни обраќања и благодарност за се она што го прават членовите на друштвото за да го зачуваат фолклорното богатство на македонскиот народ, а со цел за трајно сеќавање, претседтелот на СЗПМ на раководителите на здружението и друштвото им врачи часовник со фолклорни елементи и бакрорез со мотиви од главниот град - Скопје.





Од име на Здружението на пензионерите на Пробиштип, се заблагодарија претседателот Тодор Аксентиев и раководителот на друштвото Милевка Здравковска.

Што се однесува до претстојните ангажирања, се истакна дека се работи во континуитет во текот на целата година, се истражуваат обичаи, песни и ора со кои друштвото во 2007 година ќе се претстви на фестивалите, ревиите и концертите.

**М.З.**

### Преглед на бројот на корисници на пензија во Република Македонија

| Општина | Стар осна | Инвалидска | Семејна | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | П Е Н З И Ј А | | | |
| Берово | 1790 | 632 | 931 | 3353 |
| Битола | 11185 | 2248 | 5274 | 18707 |
| Македонски Брод | 493 | 273 | 466 | 1232 |
| Валандово | 868 | 206 | 463 | 1542 |
| Виница | 911 | 439 | 689 | 2039 |
| Гевгелија | 3310 | 691 | 1502 | 5503 |
| Гостивар | 2876 | 1685 | 2669 | 7230 |
| Дебар | 991 | 335 | 808 | 2134 |
| Делчево | 1794 | 1171 | 938 | 3903 |
| Демир Хисар | 913 | 175 | 577 | 1665 |
| Кавадарци | 2933 | 1330 | 1749 | 6012 |
| Кичево | 2213 | 814 | 1563 | 4590 |
| Кочани | 3132 | 1296 | 1995 | 6423 |
| Кратово | 719 | 440 | 511 | 1670 |
| Крива Паланка | 1312 | 1145 | 1111 | 3568 |
| Крушево | 937 | 204 | 435 | 1576 |
| Куманово | 7509 | 2700 | 4193 | 14402 |
| Неготино | 1857 | 435 | 877 | 3169 |
| Охрид | 5501 | 1770 | 2747 | 10018 |
| Прилеп | 7894 | 1985 | 4084 | 13963 |
| Пробиштип | 1281 | 560 | 828 | 2669 |
| Радовиш | 1874 | 613 | 945 | 3432 |
| Ресен | 1580 | 363 | 953 | 2896 |
| Свети Николе | 1779 | 689 | 840 | 3308 |
| Гази Баба | 7728 | 2546 | 3403 | 13677 |
| Карпош | 17261 | 3678 | 4962 | 21901 |
| Кисела Вода | 14888 | 4162 | 5101 | 24151 |
| Центар | 9004 | 2150 | 3805 | 14959 |
| Чаир | 6462 | 2259 | 3179 | 11906 |
| Скопје-збир | 51343 | 14795 | 20450 | 86588 |
| Струга | 2357 | 1697 | 2003 | 6057 |
| Струмица | 6357 | 1235 | 3283 | 10875 |
| Тетово | 6932 | 3760 | 4027 | 14719 |
| Велес | 5045 | 2923 | 2481 | 10449 |
| Штип | 5798 | 1720 | 1578 | 9096 |
| Други републики | 2051 | 1201 | 1581 | 4833 |
| Илинденски пенз | 1 | 4 | 4 | 9 |
| Вкупно | 145536 | 49534 | 72560 | 267630 |

### ПОДАТОЦИ
**за пензиските примања за СЕПТЕМВРИ 2006 година**

| **1. Корисници на пензија** | број | структура | просечна пензија |
|---|---|---|---|
| - старосни | 145.539 | 54,4% | 8.771,00 |
| - инвалидски | 49.536 | 18,5% | 6.740,00 |
| - семејни | 72.561 | 27,1% | 6.163,00 |
| ВКУПНО: | 267.636 | 100,0% | 7.688,00 |
| **2. Корисници на миним. земјоделски пенз.** | 4.305 | | 2.696,00 |
| **3. Корисници на воени пензии** | 2.717 | | 14.127,00 |
| **ВКУПНО:** | **274.658** | | |

Во Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија членуваат над 220.000 членови. Анализирајќи ја висината на пензиите Правно-економскиот совет при Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ, под раководство на претседателот **Никола Конески**, констатира дека заостануваат пензиите во однос на платите и зголемените животни трошоци, што секако има одраз и врз животниот стандард на пензионерите. Обрзложение даде членот на Комисијата **Ристо Прентовски** кој го потенцира податокот дека 126.360 пензионери или 47,6 отсто од вкупниот број примаат пензија до 100 евра, 33,9 до 10.000 денари, 13,8 до 15.000 и само на 12.193 корисници или 4,5 отсто пензијата им е над 15.000 денари. Од нив само 1.084 пензионери имаат највисок износ на пензија.

Поради сето тоа се заклучи да се поддржи барањето за измена на Законот, со што ќе се овозможи пореално усогласување на пензиите и тоа 20 отсто со висината на платите и 80 отсто со животните трошоци.

**Д. Ар.**

## Д-р Крсте Ангеловски, повторно избран за претседател на Градскиот сојуз

Во присуство на членови од сите седум здруженија на пензионерите во главниот град на нашата Република на 28 ноември беше одржана конститутивна седница на новоизбраното собрание на Градскиот сојуз на Здружението на пензионерите на град Скопје. За претседател едногласно беше избран д-р Крсте Ангеловски, кој и во минатиот мандатен период го водеше овој Сојуз.

За членови на Извршниот одбор на Градскиот сојуз беа избрани: Павле Спасов од Центар, Неделко Трајановски од Карпош, Цветко Мерџановски, ОВР Скопје, Методија Новковски, Ѓорче Петров, Петар Тагасовски, Чаир, Зико Зиковски, Кисела Вода и Душан Перески од Гази Баба.

За членови на Надзорниот одбор се избрани: Вукашин Спасовски, Мане Павловски и Петар Стојановски.

Заблагодарувајќи се на изборот д-р Крсте Ангеловски истакна дека во новиот мандат очекува во демократска атмосфера подобри резултати во активноста на Сојузот и на здруженијата.

**Д.А.**

# ОД ИЗВЕШТАЈОТ

## за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - Собранието, Извршниот одбор и неговите тела во 2006 год.

Последната, четврта година од мандатот на актуелното Собрание, се чини, беше по многу нешта различна од претходните. Статутарните и програмските работи и задачи и годинава беа срцевина и содржина на традиционалната насоченост и ангажираност на Собранието, Извршниот одбор и неговите тела. На тој начин се запази основната ориентираност, традиционалност и прагматизмот на работа на сите нивоа на организираност на пензионерите и корисниците на пензии од ниво на здруженијата па до Сојузот. Само за потсетување: збор е за основните определби, насоки и задачи содржани во нашиот Статут. Освен ова, предмет на работа и внимание беа усвоените програмски насоки за 2006 год. како и прашања што ги наметнува политичката, економската и други актуелни тековни состојби и збиднувања.

Собранието посвети внимание на парламентарните избори. Донесе заклучок да се обратиме до сите политички партии со барање на своите кандидатски листи да стават и пензионери, а државните и локалните органи во свои состави (управни одбори, совети и др) да вклучат исто така пензионери. Беа наброени повеќе причини, аргументи и објаснувања зошто ова се бара. За жал, подоцнешните изборни и други активности покажаа дека на нашите предлози и барања не се посвети потребно внимание. Од сите овие барања се уважи само за член на УО на Фондот за здравство да биде избран **Борис Јосифовски,** член на Извршен одбор. Скоро ни една политичка партија, особено од поголемите, не стави на свои листи кандидат пензионер за пратеник. Се цени дека тој факт имаше придонес за соодветен изборен ангажман на пензионерите.

Собранието го подржа Извршниот одбор за дотогашните негови ангажирања по одделни иницијативи за измени на поедини Закони што третираат прашања од интерес за пензионерите, го охрабри и побара и во текот на годината да продолжи со активности во тој правец.

Извршниот одбор одржа три седници и два состаноци со претседателите на здруженијата. На овие седници и средби беа третирани околу 30 прашања вклучувајќи ги и оние што беа предмет на разгледување на Собранието.

**-Иницијативи за измени и дополни на Закон за пензиско и инвалидско осигурување со потенцирање на изнаоѓање решение за продолжено исплаќање на компензација во износ од 8% како камата на долгот, утврдување со Закон фондот да врши задршка од пензиите за солидарните фондови и членарината и да ги уплатува на сметките на здруженијата; да се врати во сила поранешната формула за усогласување на пензиите (80% од порастот на трошоците на живот и 20% од порастот на платите) наместо важечката одредба (40% од порастот на трошоците на живот и 20% од порастот на платите); да се измени одредбата Управниот одбор на ФПИОМ да го именува Собранието, а не Владата на Република Македонија и во него задолжително да има претставител на СЗПМ и у при исплата на пензиите да не се наплатува поштарина.**

- Во областа на здравството се инсистираше на враќање на поранешните права на лечење и лекови, односно бришење на партиципацијата за пензионери постари од 65 години како и проширување на позитивната листа на лекови, подобра снабденост на аптеките со лекови; можност за отворање на амбуланти и во рурални населби; упростено добивање на рецепти во рурални краеви и во случаи на времено отсуство од место на живеење. Меѓутоа некои посебни подобрувања, за жал, нема. Во врска со прашањата од здравствената област преку наша Комисија за здравство се сугерираше на здруженијата подобра организираност, контакти и соработка со Медицинските центри и Здравствени домови, како и следење на состојбите кај членството и давање помош според потреба, а врз основа на договорени норми, правилници и слично. Се сугерираше и размена на искуства помеѓу здруженијата во оваа област.

-Беа донесени повеќе Одлуки и заклучоци со кои се реализираа некои програмски задачи за 2006 год. во областа на спортувањето и рекреацијата; културно-просветна и забавна активност; обезбедување на одреден број здруженија со компјутери, печатачи, факсови и обука на кадри за работење со нив; Рамковна програма за одржување избори во здруженијата и СЗПМ; одбележување на 60. годишнината на СЗПМ; разгледување потреба за создавање на документациона архива; нормативно уредување на дејноста на солидарните фондови во здруженијата; иницирање измени и дополни на Законот за здруженија на граѓани и фондации и друго.

Со Одлука на Извршниот одбор се одреди годинашниве, 11. по ред Републички спортски натпревари и игри на пензионерите да се одржат во Крани на Преспанското Езеро на 9.09.о.г. Организациониот одбор и Комисијата за спорт и рекреација ги започна активностите уште во пролетните месеци. На ниво на Републиката се донесе нов Правилник со норми и пропозиции со што од списокот на игрите се исфрли дисциплината "брзо одење", а се внесе дисциплината "табла", се изменија одредби за судиите, за бодирањето, за доделување признанија и слично. Во здруженијата започнаа подготовките, избор на поединци и екипи и создавање "репрезентативни состави" за регионални натпревари. Во осум регионални натпревари учествуваа 1115 натпреварувачи од 38 здруженија. Од 10 здруженија (Битола, Богданци, Ѓорче Петров, Демир Хисар, Инвалидски пензионери од Велес, Кисела Вода, Охрид и Прилеп, Пехчево и од Стар Дојран) немаше учесници. Причините се различни и главно познати само на нивните раководства. На XI републички пензионерски спортски натпревари. во Крани, непосредни учесници беа 351 од кои 192 мажи и 159 жени. Гледачи имаше 763, а да имаше услови за сместување - прифаќање ќе ги имаше, веројатно, двојно повеќе. Вкупен победник на Игрите беше здружението на Охрид, втори-Куманово, трети-Тетово и т.н. Покровител на Игрите беше Стопанска банка АД-Скопје. Игрите беа оценети како успешни. Одделни слабости и недостатоци во организацијата, прифаќањето, сместувањето и заедничкото дружење укажуваат дека има и место и потреба во наредните години да не се повторуваат. На игрите им е посветен посебен Информативен билтен во кој се содржани многу детали и показатели, табели, прегледи, фотографии, мислења за игрите и слично.

Извршниот одбор одлучи во оваа година да се одржат регионални и меѓурегионални настапи во музика, игри и песни. За таа цел формира посебен Организационен одбор кој заедно со Комисијата за културнозабавен живот ја спроведе Одлуката.

Регионални ревии се одржаа во Св. Николе, Велес и Гостивар, а меѓурегионални во Струмица и Прилеп.

Кај повеќе здруженија забележително беше дека годинава, покрај ланските, имаше и нови содржини што говори дека на ова прашање му се дава значење.

Ревиските настапи секаде беа оценети како успешни и пожелни.

На сите ревии здруженија учесници беа 28, а настапија со 1124 директни изведувачи, а ги следеа 2210 гледачи. На учесниците-здруженијата на меѓурегионалните ревии им се доделени посебни признанија.

На овие активности е посветен Информативен билтен.

Во оваа област застапени беа повеќе средби организирани од одделни здруженија по различни поводи-целовечерни концерти (Куманово, Прилеп, Гази Баба, Пробиштип и други) средби на активи на жени (Велес, Кочани, Куманово, Кичево, Охрид, Берово и други), екскурзии и излети низ целата земја, посета на значајни места од наша поблиска и подалечна историја и т.н. (Пелинце - АСНОМ; Крушево - Илинден, Охрид, Прилеп и други.)

**Во областа на соработката на ниво на Републиката ИО очекуваше и се обидуваше да оствари посериозен зафат. Главното внимание беше насочено кон контактите со Владата, министерствата за здравство и труд и социјала и фондовите за пензиско и инвалидско осигурување и за здравствено осигурување. Реализацијата беше под очекувањата, бидејќи од малкуте контакти што ги оствaривме и ветувањата искажани на нив по одделни наши барања не се добија позначајни ефекти. За одбележување е потпишаниот Меморандум помеѓу Владата и СЗПМ (10 јуни 2006 год.) со кој се предвидува реализација на одредени наши барања (покачување на пензиите за 10%, ослободување од партиципација на лекови и здравствени услуги, ослободување од поштенските трошоци (ова веќе се реализира), изготвување на правна основа за условите и начинот на сервисирање на солидарните фондови и формирање заедничка комисија на Владата и СЗПМ со што се создаваат услови за партнерство помеѓу Владата и СЗПМ и др.) Очекуваме реализација на предното да биде во нареден период, доколку актуелната власт го почитува Меморандумот.**

Добра соработка е остварена со Данскиот совет за бегалци. Советот пројавуваше постојан интерес за збиднувањата кај нас, реализација на среднорочниот план и Програма 2006-2008 год. и слично, на што беа посветени неколку контакти и семинар со обука одржан во Маврово на 28, 29 и 30 08/2006 година. Соработката и понатаму продолжува.

Корисна соработка оствaривме и со УСАИД кое конкретно помогна со 11 комплети компјутери и за чие користење ќе организира неколку семинари-обуки, а при предавањето на помошта во здруженијата организира јавни настапи за граѓанството во одделни градови.

Со некои од нив може да оствариме сериозни ефекти. На пример со Црвениот крст на терен (и во градовите и во селата) може многу пензионери да бидат помогнати со различна помош и т.н); со ГАРД за заедничко организирање различни походи и други активности; со планинарски друштва и тн.

Се одржуваат контакти со Македонскиот центар за меѓународна соработка, Европската агенција за реконструкција, со Боречката организација, Хуманитарни и други организации и асоцијации, некои медиуми и гласила (Нова Македонија и МРТВ) и друго.

**Посебно внимание и годинава беше посветено на контактите и тесната соработка со здруженијата на пензионерите по најразлични прашања од животот, организацијата и секојдневната активност.**

Годинава не успеавме целосно да ја реализираме планираната активност во врска со меѓународната активност со пензионерски организации во соседните земји.

Во Копенхаген од 30.05 до 2.06.2006 год. се одржа VIII Конференција на интернационалната федерација на стари лица-ИФА. На конференцијата учествуваше наша делегација која оцени дека присуството беше од корист. Делегацијата ја сочинуваа претседателот и потпредседателот на ИО Душан Шурбановски и Андон Марковски, финансирана целосно од Данскиот Совет.

На 13 јуни 2006 година наш преставник учествуваше на јавна расправа за концепт на стратегијата за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор. Од таа расправа се уште нема никакви видливи резултати.

Годинава се направи обид здруженијата помеѓу себе да усвојат Спогодба со која ќе ги усогласат прашањата врзани за исплата на давачката во случај на смрт на пензионер кој во меѓувреме променил место на живеење независно од која било причина. Со Спогодбата се сакаше да се олесни исплата на "посмртнината" и да се избегнат спорови па дури и судски расправи помеѓу здруженијата.

Усвоената рамковна програма за одржување на избори на Органите на здруженијата во 2006 година ИО ја достави на разгледување и потврда кај здруженијата од кои главно беше подржана во дадената рамка-изборите да завршат до крајот на ноември. Како течат активностите, односно изборните - конститутивните седници оценката е дека сепак рамковната програма се почитува и со нејзино прифаќање ќе се овозможи конституирање на Собранието на СЗПМ во месец декември оваа година.

Одбележување на 60 годишнината на пензионерското организирање и живеење е сторено скоро во сите здруженија на пригоден начин. На ниво на СЗПМ изостана посебна свечана седница или академија поради голем материјален издаток. За јубилејот во сите прилики и средби во СЗПМ се говори и потсетува иако со тоа неможе да се надомести едно специјално одбележување.

Мислењата дека на полето на информирањето постојано, и покрај некаков напредок недостасува нешто се потврдија во нашиот Сојуз и во оваа година. Вистина е дека во споредба со минатата година не се гледа и чуствува поголем исчекор па тоа беше мотив да се бараат нови форми и начини. Дури во одделни општини дојде до смалување на бројот на електронските и пишаните медиуми поради реформи во оваа област, односно добар број од нив згаснаа од различни причини. Може да се наведат позитивни примери на користење на локални ТВ куќи, радио станици и некои локални весници со што се придонесува пензионерите сепак да добиваат информации за разни прашања (Прилеп, Велес, Кочани, Куманово, Струмица и друго.) Има здруженија кои и во оваа година продолжиа со издавање на информативни билтени што е добро примено од членството (Куманово, Гази Баба, Кавадарци и друго.) И во оваа година продолжи да излегува прилогот во "Нова Македонија" "Пензионерски видици". За жал, прилогот е месечник па некои информации повеќе се кажувања на видено и реализирано, односно констатирано, а некои имаат помал ефект како најава, покана и слично. Слабост на ова информативно средство е што се уште здруженијата го користат во мал број примероци. Слабост е исто така што "Видиците" имаат мал број дописници, а со тоа и "хранењето" е недоволно или со големо доцнење и недоволно ефектно. Затоа мора да се побара начин и "Видиците" во поголем број и со поголем ефект да се искористат. Засега, благодарение на новинарот **Драги Аргировски** и сопственикот на "Нова Македонија" **Зоран Николов** "Видиците" успешно се одржуваат.

И понатаму на МТВ оди емисијата "Трето доба". Телевизијата е силно средство, присутно скоро во секој дом што е голема предност која треба да се исползува. Заради тоа треба со МТВ да се направи напор за подобрување и збогатување на содржината. Причина повеќе за ова е што емисијата оди четири пати месечно, односно секоја недела. Да кажеме и тоа дека водителките **Костадинка Кајмаковска, Цветанка Илиева и Соња Гиздавиќ** треба уште повеќе да бидат актуелни со наша помош а не, како сега, да останат релативно сами во изнаоѓање и одбирање теми и актуелни информации од пензионерската проблематика.

**Позната е вредноста на навремена, вистинита, целосна и добра информација. За жал, понекогаш од разни извори излегуваат информации спротивни на добрите. Зошто, кои, кога и даваат такви информации може да се каже ако се знаат авторите, уредувачите, времето, и конечно целта на такви информации. Тие по своја природа и суштина се пакосни, тенденциозни, навредливи, невистинити. Има и такви луѓе на кои задоволство им е така да се однесуваат, од некаков егоистички и друг интерес, со што не само што дезинформираат туку со тоа создаваат клима во која доминира лошото, злото. Такви состојби се создадоа со написи во весникот "Вечер" и емисии на ТВ "Сител" во тек на септември и октомври. Тие изнакажаа многу неточности, полувистини, пакосни констатации и слично, со што кај познавачите на состојбите во пензионерската организација предизвикаа индигнација, чуство на навреденост и злоупотребеност, на згрозеност и тн. За нив, а веројатно и за нарачателот или нарачателите беше важно да се создаде негативен набој, нерасположение, недоразбирање и сомнение, нарочно кај пензионерите, а и кај други. Наместо да се појде во здруженијата и да се проверат наводите тие станаа орадија на нечии лоши интереси и намери. Жално, но вистинито.**

Од програмските насоки за 2006 година остана целосно нереализирана задачата да се формира Интерпарламентарно лоби, група која во Собранието на Републиката ќе се бори за заштита и унапредување на правата на задачите на начини и форми можни во собраниски процедури (иницијативи за Закони, нивна измена или дополнување, амандмани, расправи на комисии или собраниски седници и сл.) Се чини тргна добро, но ентузијазмот спласна, откако дојдоа предизборните и изборните активности за пратеници.

На надворешен план имаше средби со раководство на пензионерската организација од Поградец од Република Албанија, една поголема група пензионери и пензионерки од Шведска беа во посета на Македонија, остварени се контакти со Обединетиот Сојуз на пензионери од Република Бугарија и т.н. Сето тоа значеше уште еден сериозен дел од активностите и ангажирањата во текот на 2006 година што имаше позитивно влијание на состојбите и работата на СЗПМ.

**Извршен одбор на СЗПМ**

ИЗБОРИ ВО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

# Во Струмица ново раководство

Изборното собрание на Здружението на пензионери Струмица се одржа на 17.11.2006 година на кое беше верифицирано ново Собрание од 61 член.

Изборите во ограноците на пензионерите во месните заедници и изборното собрание се одржуваа во временскиот термин предвиден со роковникот.

Здружението на пензионери Струмица ги покрива општините: Струмица, Босилово и Василево со 8.404 членови, организирани врз териториjален принцип во 26 ограноци, од кои: 8 во градот и 18 во населените места.

Надвор од градот има 54 села со вкупен број од 3.304 пензионери и тоа воглавно корисници на земјоделска пензија, а над 50 отсто се семејни пензионерижени.

За успешно спроведување на изборите беа извршени сите неопходни подготовки што резултираше со поголема посета на изборните собири во ограноците, што не беше случај во претходните избори. Изборите се одржаа во фер и демократски начин, со мали исклучоци што не влијаеја на резултатите.При предлагањето и изборот на кандидатите за членови во одборите на ограноците и делегати на Собранието на Здружението, особено се водеше сметка за адекватната застапеност на членови во одборот на огранокот од населените места што го сочинуваат огранокот, застапеноста на жени во ограноците од вкупно 124 членови 29 насто се жени или во Собранието од 61 член 27 насто се жени. Континуитетот стари-нови 70 насто се нови. Структурата на новите органи е обновена со помлади пензионери и ги има од сите стручни профили кои имаат капацитет во изборниот мандат 2006-2010 година успешно да го водат Здружението.За претседател на Собранието е избран **Патар Китанов,** дипл. правник.

Собранието избра Извршен одбор од 15 члена. За претседател е избран **Петар Милановиќ** дипл. економист, Надзорен одбор од 3 члена и нивни заменици, Комисија за статут и правни прашања од 3 члена и 2 делегати за членови на Собранието на СЗПМ.

**Александар Костов**

## Избори и во Штип

Во просториите на Домот на штипските пензионери деновиве се одржа Изборно собрание за пензионерите од Општините Штип и Карабинци.

Пред триесетина делегати избрани на ограноците на пензионерите беше поднесен извештај за четиригодишната досегашна работа, а се водеше и конструкитвна дискусија. На крајот, кандидационата комисија предложи 19 кандидатите за членови во Извршниот одбор на Здружението на пензионерите за претседател на Извршниот одбор едногласно повторно беше избран **Михаил Кралев.**

За делегат на Собранието на пензионерите на Македонија е избран правникот **Љупчо Јанев** а беа избрани и членови на соодветни комисии.

**Т.Босеовски**



Гостување на пензионерско КУД "Ѓоко Симоновски" во Албанија

## Успешна презентација на фолклорното богатство

*- Одржани концерти во Подградец и Тирана*
*- Посетени и повеќе културно-историски локалитети и споменици во Драч и Тирана*

При крајот на октомври годинава, пензионерското КУД "Ѓоко Симоновски" од Куманово престојуваше во Република Албанија на покана на Унијата на пензионерите од оваа соседна држава.

Првиот ден ансамблот престојуваше во Подградец на Охридско Езеро и притоа во ова убаво гратче приреди целовечерен концерт за пензионери и жители од ова и околните мета каде живеат Македонци. По срдечниот поздрав од градоначалникот, КУД се претстави со четири хорски изведби, соло и дуети, а мешовитата фолклорна секција ги прикажа обичајните игри и песни "Куманово" и "Паланка". Нашиот хуморист Новко Петрушевски присутните ги поздрави со хумористичен текст насочен на кумановски говор.

Наредниот ден беше искористен за посета и разгледување на убаво распосланиот град на Јадранско Море при што нашиот пријател и домаќин на гостувањето Петар Таражи, во улога и на туристички водич, не запозна со културно-историските знаменитости на овој пристанишен град.

Од тридневниот престој во Албанија во најпријтно сеќавање ќе остане посетата на главниот град Тирана. Притоа, ансамблот од Куманово приреди едночасовна програма, со учество на хорот, пејачите, фолклористите и оркестарот на народни инструменит. Програмата беше проследена од над стотина пензионери. Тоа, главно, беа раководствата на Унијата на пензионерите на Р. Албанија и на Тирана, како и од осум пензионерски здруженија од поголемите градови. Програмата наиде на извонреден прием, а по нејзино завршување се одржа заеднички ручек и другрување со песна и музика.

Пред почетокот на концертот, беа разменети здравици на Претседателот на Унијата на пензионерите на Р. Албанија госпоѓа Виторе Налоци и потпретседателот на Здружението на пензионерите од Куманово Спирко Николовски. Притоа, беа разменети подароци во знак на оваа заемно корисна соработка.

На крајот беше изразена голема благодарност за топлиот и срдечен прием и отворена покана да ја возвратат посетата.

**С.Н.**

Гостивар

## Се конституира новото собрание на пензионерите

Во текот на месец октомври 2006 година, поточно на 28.10.2006 година се одржа Конститутивно изборна седница на новото собрание на Здружението на пензионерите Гостивар.

На оваа седница собранието ги верифицира мандатите на новоизбраните членови на собранието и се избраа новите органи на Здружението на пензионерите:

За претседател на собранието на Здружението на пензионерите кој истовремено според одредбите на Статутот е и претседател на Извршниот одбор, Собранието го избра **Андреја Огњаноски.**

За членови на Извршниот одбор, Собранието ги избра:

Гафур Салиу, Најдо Ристоски, Шаин Шабани, Живка Стаматоска, Нијази Џелили, Диме Мојсоски, Неџати Сали, Анде Стефаноски, Беќир Амити и Сеадин Салиу.

**Преземено од Билтенот на Здружението што се печати на македонски и албански јазик**

Од активноста на Здружението на пензионерите во Прилеп

## Со електронска обработка - строга контрола на средствата

Здружението на пензионерите во Прилеп спаѓа меѓу поголемите и најактивните во нашата земја и како членка на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија постојано придонесува за заедничко делување во остварувањето на задачите и целите од правото на пензиското осигурување, за заедничките интереси во областа на здравствената заштита на членовите за социјални, станбени, културни, спортски и други активности. Интересно е и тоа што во ова здружение секојдневно се води електронска обработка за трансакција на средствата. Тоа, како што вели претседателот на Здружението на пензионерите во Прилеп **Пандо Бачаноски,** овозможува да се води строга контрола на средствата и со домаќинско работење да се остваруваат повеќе активности.

Воедно се подготвува извештајот за извршена месечна пресметка за активна и пасивна датотека на средствата за солидарен фонд, ажурирање на базата на податоците, правење на решенија за исплата од средства за солидарност, испраќање преку интернет на списоците во Фондот на ПИОМ и синхронизирање на финансиските информации на здружението со соодветните од Комерцијална банка А.Д. Скопје, што се презема преку интернет.

Како што ни истакна пензионерскиот активист и стручњак за компјутерска обработка **Љубомир Наумовски**, на овој начин се стопирани сите можности за евентуални малверзации со средствата и се обезбедува целосна јавност во работата.

Впрочем, средствата за солидарност се водат на посебна жиро-сметка во Комерцијална банка, а се акумулираат од задршки на пензиите од пензионерите (старосни, семејни и воени) на подрачјето на општината и од нивните брачни другари кои уплатуваат сума во средствата за солидарност. Во овој пресметковен период на пензионерите им се задржува сума од 120 денари месечно, а брачните другари ќе плаќаат по 720 денари на две шестмесечни рати (на 01.01. и на 01.07. во годината) на сметката за средствата за солидарност од здружението.

Реализацијата на средствата е строго наменска, регулирана со правилник и одлуки донесени од Собранието на здружението, а се реализираат само за исплата на средства за посмртнина на починати пензионери и нивните брачни другари кои уплаќаат во сметката.

За безбеден и контролиран трансвер на средства, се водат и се прават пресметки. Информации за пресметките се црпат по електронски пат од базата на податоци, Интернет, Комерцијална банка и ПИОМ.

Според податоците што ги забележавме на интернет во Здружението на пензионерите во Прилеп во деветмесечието 2006 година во Солидарниот фонд се остварени приходи заедно со пренесеното салдо од минатата година и каматата вкупно 18.832.458 денари со расходи за платена посмртнина 16.522.143 денари и позитивен финасиски резултат во износ од 2.310.315 денари.

Од информацијата на податоци се гледа дека во оваа здружение членуваат 11.732 пензионери, а во овој период вкупно почнувале 410 пензионери и брачни другари. Износ на исплата за посмртнина изнесува 30.000 денари.

Ова е убав пример за водење и контрола на финасиското работење што треба да го применуваат и другите здруженија во нашата земја.

**Д.Аргировски**

## Конститутивна седница на ЗП „КАРПОШ" - Скопје

Собранието на Здружението на пензионери Карпош - Скопје во новоизбраниот состав одржа конститутивна седница на ден 9.11.2006 година, на која се верифицира мандатот на 38 члена.

Исто така на седницата беше избран **Петар Узунчев** за претседател на Собранието на здружението.

За членови на Извршниот одбор беа избрани: **Љубомир Несторовски** од огранокот "Карпош 1,2", **Ратка Илиевска** "Карпош 3,4", **Марија Тодоровска** "Тафталиџе 1,2", **Коста Поповски** "Владо Тасевски", **Сречко Димовски** "Козле", **Неделко Трајановски** "Даме Груев", **Драгомир Пановски** "Даме Груев", **Миле Лазиќ** "Ѓорче Петров", **Трпко Цветковски** "Ѓорче Петров 1", **Руфет Рамадани** Кондово и **Цветко Стојковски** "Ѓорче Петров 2".

Извршниот одбор се конституира и за претседател едогласно беше избран **Неделко Трајановски**, а за секретар беше именуван **Павле Василевски**.



За членови на Надзорниот одбор на здружението беа избрани: Јован Равановски, Стојко Трпевски и Васе Караѓозовски.

За членови во Собранието на СЗПМ: Петар Узунчев и Душко Шурбановски.

На седницата беа осудени тенденциозните и невистинити информации во некои медиуми за работата на Здружението и се констатира дека Неделко Трајановски не е избран по четврти, туку по втор пат.

**П. В.**

## Нова седница на Управниот одбор на Фондот на ПНОМ

На 16 ноември 2006 година, Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигуруавње на Македонија, одржа редовна седница на која присуствуваше и новоизбраниот директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, **Муидин Рустеми.**

Именувањето на Муидин Рустеми за директор на Фондот, во наредниот чеитиригодишен мандатен период, се изврши на седницата на Управниот одбор на Фондот, што се одржа на 19 октомври 2006 година, по спроведувањето на конкурсната постапка за избор на директор на Фондот, утврдена во согласност со прописите.

Притоа, при донесувањето на Одлуката за неговото именување, Управниот одбор на Фондот ја имаше предвид неговата стручна квалификација како дипломиран економист, досегашното работно искуство, програмската ориентација за активности и мерки за унапредување и развојот на дејноста на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, како и неговиот досегашен професионален и одговорен однос.

Согласност на оваа Одлука е дадена и од страна на Владата на Република Македонија, на 8 ноември 2006 година.

Директорот на Фондот Муидин Рустеми, заблагодарувајќи се на укажаната доверба за неговото именување, меѓу другото, нагласи дека активно ќе учествува во разрешувањето на повеќе актуелни прашања и проблемите што се во интерес на Фондот, односно дека е подготвен и искрено се надева на успешна и плодна соработка со вработените во Фондот.

Во продолжение на седницата, Управниот одбор на Фондот донесе неколку одлуки од тековното работење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Претходно, на 18 септември 2006 година,се изврши конституирање на Управниот одбор на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во нов состав.

За членови на Управниот одбор на Фондот, според Решението на Владата на Република Македонија се именувани: **Ангел Максимов, Томе Лазарев, Душан Велковски, Наташа Стојмановска, Димитар Богов, Ненад Јоксимовиќ, Александар Коцевски и Фатиме Фејзулаи.**

За претседател на Управниот одбор на Фондот е избран Ангел Максимов,а за потпретседател Фатиме Фејзулаи.

**А. Нелковска**

Во Куманово

# Промоција на книгата „10 години пензионерско спортување“

Во Центарот на култура "Трајко Прокопиев" во Куманово деновиве во присуство на пензионери од градот домаќин и гости од Скопје, Струмица, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип и Свети Николе, се одржа пригодна свеченост по повод промоцијата на книгата "Десет години пензионерско спортување" од познатата кумановска новинарка **Татјана Антиќ**. Оваа прва публицистичка книга на авторката, посветена на спортскиот живот на пензионерите од Здружението во Куманово ја промовираше **Душко Шурбановски**, претседател на СЗПМ, кој притоа истакна:




"Издавањето на монографијата „10 Години пензионерско спортување“, се совпаѓа со одбележувањето на 60 годишнината на пензионерската организација на пензионерите на Македонија. Авторката на книгата мошне успешно ги повразла овие два настана од извонредно големо значење за корисниците на пензија во Македонија. Овој труд е уште позначаен зашто тој може да послужи како основа за истражување на феноменот на пензионерско спортување. Може да се очекува дека книгата ќе предизвика интерес кај медицинските струњаци од областа на герентологијата, спортската медицина и други дисциплини на медицината за влијанието на спортската активност кај "старата" популација на граѓаните, во одржување и јакнење на отпорноста на организмот, во забавувањето на стареењето - кафизичката така и во менталната свера. Податоците низ бројките изнесени во книгата ја потврдуваат констатацијата дека "третото доба" е непресушен животен извор на вистинските вредности и постигнувања на кои можат да им позавидат помладите и врвните спортисти.

"Спортскиот дух меѓу пензионерите придонесува не само за постигнување на ефектите од познатата стара аксиома, спортувањето влијае за одржување на здрав дух во здраво тело, туку и за меѓусебно дружење и запознавање на пензионерите од сите делови на земјава. Пензионерските спортски игри на голем број пензионери им помагаат да ја надминат монотонијата и меланхолијата во која катадневно západaат како резултат на разни фактори. Овие средби им помагаат на пензионерите полесно да го поднесуваат товарот на годините".

Книгата е богата со податоци и ликови на спортски работници -пензионери, за почетоците и развојот на пензионерското спортување во Куманово, а е значајна и за сите спортски членови на здруженијата на пензионерите, здружени во СЗПМ.

Монографијата е збогатена и со содржини од традиционалните турнири во шах, стрелаштво, пикадо и домино, за кросеви, соработката со збратимените пензионерски здруженија и друго.

На промоцијата зборуваа и рецензентите на монографијата **Спирко Николовски и Љубица Кузмановска**, а свеченоста ја збогатија со свои успешни настапи членовите на пензионерско Културно-уметничко друштво "Ѓоко Симоновски", како и солидното водителство на пензионерот **Новко Петрушевски**.

Поради искажаните квалитети за монографијата, секако на авторката Татјана Антиќ и пожелуваме нови публицистички дела.

**Драги Аргировски**


Фото: Томе Манов

# Шаховски турнир во Скопје

Во чест на 13 ноември - Денот на ослободувањето на Скопје, во организација на Градскиот сојуз на пензионерите се одржа традиционалниот шаховски турнир на кој зедоа учество седум екипи од здруженијата на пензионерите во главниот град на нашата држава.

Турнирот се одржа во новите простории на здружението на пензионерите на МВР-Скопје, а за значењето на денот и на турнирот говореа претседателот на Градскиот сојуз **д-р Крсте Ангеловски** и претседателот на здружението домаќин **Цветко Мерџановски**.



Првото место го освои екипата на Здружението на пензионерите од Ѓорче Петров во состав **Ристо Крстев, Коста Гиневски, Перо Цветковски** и **Васе Кетуровски**. На второто место се пласира екипата на пензионерите на МВР-Скопје, на трето Здружението од Чаир, потоа "Гази Баба" итн.

Организацијата на турнирот беше многу добра, а свој придонес за тоа покрај организаторот имаше и фиде судијата **Слободан Михајловски**.

**Д.А.**


Победничка екипа на ЗП Ѓорче Петров




Во Куманово Традиционален концерт на КУД "Ѓоко Симоновски"

# Пензионерите за својот град

Куманово треба да биде задоволно што има таква пензионерска организација, која постигнува извонредни резултати во своето општествено ангажирање. Тоа се покажа и на традиционалнит концерт "Пензионерите за својот град", што секоја година се одржува по повод ослободувањето на Куманово.

Почетокот на концертот беше во духот на празникот на градот. Првиот поздрав го испорача мешовитиот хор со песната "Што Пелинце гори" а беше изведена рецитација за прославениот Козјачки командант Карпош, како и песната "Татунчо војвода".

Во продолжение на програмата беа исполнети уште неколку хорски песни, соло, дуети, пејачка женска група, хумористичен скеч од пензионерскиот живот напишан на кумановски говор и друго.

Посебно беа изведени атрактивно сплетовите "Куманово" и "Паланка" од мешовитата фолклорна секција на друштвото.

Сите исполненија во едно и пол часовната програма, наидоа на голем интерес кај публиката во преполнетата сала на Центарот на културата "Трајко Прокопиев". Концертот беше бесплатен за пензионерите и граѓаните на Куманово.

**С. Николовски**

Тука околу нас...

# Средба со Петар Каракашев - врвен спортист

Прекрасно е чувството да имаш драг пријател, поранешен врвен фудбалер и голгетер, а сега веќе и пензионер и една од најпочитувани личности на Дојран. Станува збор за **Петар Каракашев**, кој успеа својот животен спортски век да го внесе во објавената книга "МОЈОТ ЖИВОТЕН ПАТ" која значи многу за фудбалот во нашата земја.



Неговите фудбалски перформанси, брзина, добра контрола на топката, шут со двете нозе, одличен скок со глава и пред се вродена дарба за постигнување на голови, го красеа фудбалскиот талент на Петар Каракашев, кој беспрекорно ги бранеше боите на штипска Брегалница - вели **Љупчо Самоников**, поранешен претседатела ФК "Брегалница" од Штип и долгогодишен претседател на Боречкиот сојуз на Македонија...

- Нашиот драг колега настапуваше и за ФК "Вардар" од Скопје и ФК "Победа" од Прилеп и е еден од пионерите на фудбалската игра кој играл за странска екипа, поточно за тогашниот второлигаш од Бундес лигата Баер 05, потенцира **Ванчо Велков**, поранешен технички секретар на штипскиот фудбалски потсојуз.

За неговата извонредна игра и голови пишуваа повеќе новинари.

Така **Миодраг Мицковиќ** има напишано: Тој беше вистински мајстор на фудбалската игра, ги полнеше мрежите на противничките голмани додека играше за големиот број екипи низ целата своја кариера, а понекогаш знаеше да скокне "небо под облаците" и со глава топката ја забиваше во мрежа.

За него **Киро Манев** има напишано:

Беше голгетер без мани. Како од шега постигнуваше голови. Беше миленик на штипската публика и секогаш се наоѓаше меѓу најдобрите стрелци во земјава. Коментаторот **Зоран Михајлов** од МТВ истакна дека Петар Каракашев бил и дописник на "Нова Македонија", а по завршувањето на спортската кариера отвора кафеана "Дојрана 1", што го означуваше бројот на неговиот дрес како лево крило. Средбите со Каракашев секогаш се интересни и незаборавни.

**Томе Кусеников**

**ФОТО ВЕСТ**




Деновиве од печат излезе илустрираното специјално издание во колор- Информативен билтен на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија посветено на годишните меѓурегионални и регионални фолклорни ревии. Во списанието со слика и пишан збор е даден приказ на Меѓурегионалните пензионерски ревии на песни, музика и игри што при крајот на септември се одржаа во Струмица и Прилеп, како и на регионалните ревии во Свети Николе, Велес и Гостивар, на кои пензионерите од сите краеви на нашата земја покажаа дека успешно го негуваат фолклорот и културните традиции.